Уп. бр. 08-23

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото КЕН БИДКО ЛИМИТЕД со седиште на 10-14 Вајт Лајн Стрит, Лондон, Обединето Кралство, доставено преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 14.02.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која КЕН БИДКО ЛИМИТЕД со седиште на 10-14 Вајт Лајн Стрит, Лондон, Обединето Кралство ќе стекне директна единствена контрола над Кин енд Карта Плц, со седиште на Д Спитфајр Билдинг, 71 Колиер Стрит, Лондон, Англија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на КЕН БИДКО ЛИМИТЕД, со седиште на 10-14 Вајт Лајн Стрит, Лондон, Обединето Кралство, со која КЕН БИДКО ЛИМИТЕД Лондон, Обединето Кралство, ќе стекне директна единствена контрола над Кин енд Карта Плц, со седиште на Д Спитфајр Билдинг, 71 Колиер Стрит, Лондон, Англија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**КЕН БИДКО ЛИМИТЕД** е приватно друштво со ограничена одговорност, основано во Англија и Велс. Неговата директна матично друштво е Туринг Лукс Бидко 2 С.а р.л. кое исто така е матично друштво на Валтек Групацијата. Туринг Лукс Бидко 2 е во сопственост и контролирана од БЦ Партнерс XI.

XXX[1]

БЦ Партнерс е меѓународна инвестициска фирма со имот од околу 40 милијарди евра под управување во стратегии за приватен капитал, приватни кредити и недвижнини. БЦ Партнерс XI заедно со други приватни капитални фондови советувани од БЦ Партнерс овде наведени како "БЦ фондови“, а портфолио-компаниите контролирани од БЦ фондови се овде наведени како "БЦ Портфолио Компании". БЦ Фондовите имаат контролирачки удел во 34 портфолио компании. БЦ фондовите се чисти финансиски инвеститори, односно не се вклучени во секојдневното управување со компаниите во кои инвестираат, а кои се управувани од независни менаџерски тимови.

Валтек Групацијата има една подружница во Северна Македонија, компанијата Валтек Дооел Скопје со регистрирано седиште на ул. Столтенбергова бр. 4, ламела А/лево Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Понатаму, Јунајтед Груп, која е компанија за портфолио на БЦ, има три подружници во Северна Македонија и тоа:

- Тотал ТВ ДОО Скопје со регистрирано седиште на Бул. ВМРО бр. 3, Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност– дејности на сателитска телекомуникација;

-УГИ ФИБЕР ДООЕЛ со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност– дејности на сателитска телекомуникација и

-Дирецт Медиа ДОЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр.5-1 локал 2/Скопје – Центар, Република Северна Македонија со приоритетна дејност– агенција за маркетинг.

-**Кин енд Карта Плц** е глобална консултантска компанија за дигитална трансформација, која им служи на бизнисите во здравството, финансиските услуги, индустрискиот сектор и земјоделството, малопродажбата и дистрибуцијата, транспортот и јавниот сектор, меѓу другите. Претходно позната како Сент Ивс плц (*St Ives plc*) Кин енд Карта еволуираше од групација за услуги за печатење и маркетинг во консултантска компанија за дигитална трансформација фокусирана на обезбедување поврзани резултати за клиентите преку дигитални иновации, модернизација на облак (анг. *cloud*), овозможување податоци и дигитална оптимизација.

Кин енд Карта има едно претпријатие-ќерка во Северна Македонија, друштвото Кин енд Карта Македонија ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. 1737 бр. 32 Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност– компјутерско програмирање.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**